15.01.2024
09 80/5
KOMISIONI RREGULLATOR I ENERGJETIKËS, TË UJIT DHE I SHËRBIMEVE TË MENAXHIMIT ... KOMUNALE I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË ...
Бр./Nr. 11-2508/2
11-01-2024

Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15) и член 130 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 јануари 2024 година донесе

## ОДЛУКА

## за одобрување на План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони

1. Со оваа одлука се одобрува План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.11-2508/1 од 24 ноември 2023 година.
2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Планот за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страна.
3. Оваа одлука се доставува до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.
4. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони врз основа член 24 став (1) точка 2) алинеја 15) и член 130 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 236/22) е должна да изработи План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб страница.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до Регулаторната комисија за енергетика достави План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години бр.11-2297/1 од 01 ноември 2023 година.

На 07 ноември 2023 година Регулаторната комисија за енергетика на својата веб страница објави Соопштение со кое ги повика заинтересираните страни да дадат мислење и коментари по однос на текстот на Планот за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони најдоцна до 14 ноември 2023 година. По однос на објавеното Соопштение во рамките на наведениот рок до Регулаторната комисија за енергетика немаат пристигнато никакви коментари или мислења.

На 10 ноември 2023 година Регулаторната комисија за енергетика до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони достави Забелешки на План за развој на системот за дистрибуција на природен гас бр.11-2297/2 од 10 ноември 2023 година.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до Регулаторната комисија за енергетика достави План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години бр.11-2508/1 од 24 ноември 2023 година, прилагоден во согласност со претходно доставените забелешки.

Регулаторната комисија за енергетика на 11 јануари 2024 година одржа седница на која го одобри Планот за развој на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.11-2508/1 од 24 ноември 2023 година.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 11-2508/2**
**11 јануари 2024 година**
**Скопје**

**Претседател**

**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

Изработил: Бојана Стојчевска
Контролирал: Далибор Митровски
Виолета Чокузовска
Одобрил: Јулијана Димоска-Исајлоска
Биљана Дуковска Вердел

**ПРИЛОГ:** План за развој на системот за дистрибуција на природен гас за период од следните пет години на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.11-2508/1 од 24 ноември 2023 година